**ПРЕДЛОГ**

**ТД МАКОШПЕД АД**

**Скопје**

Врз основа на член 20 од Статутот на ТД МАКОШПЕД АД - Скопје, во согласност со чл. 333 и чл. 383 ст.1 т.6 од Законот за трговски друштва, Годишното Собрание на акционери на својата седница одржана на ден ___.___.2017 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
***за стекнување на друштвото на сопствени акции со откуп***

**Член 1**

Се одобрува на Друштвото стекнување на сопствени акции со откуп.

**Член 2**

Откупот на сопствени акции ќе се врши на Македонска берза за хартии од вредност, преку овластена брокерска куќа.

Откупот на сопствени акции не смее да надмине 10% од основната главнина на Друштвото.

Рокот за откуп не може да биде подолг од 12 месеци, од денот на донесување на одлуката.

Минималната противвредност која што може да се плати за откуп на сопствени акции изнесува 50,00 денари.

Максималната противвредност која што може да се плати за откуп на сопствени акции изнесува 500,00 денари.

**Член 3**

Со стекнување на сопствени акции, не смее да се намали имотот на друштвото под износот на основната главнина и резервите на Друштвото.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

*Годишното Собрание на акционери на ТД МАКОШПЕД АД - Скопје, на својата седница одржана на ден __.__.2017 година, согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото, како и другите позитивни законски прописи, донесе Одлука за стекнување на друштвото со сопствени акции со откуп.*

**ГОДИШНО**

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**

______________________________

**Број** ______

**__.__.2017 година**